"Нова Македонија"

25.11.1994 г., 17186, 9

В САБОТА В МКЦ

# Мултимедијален проект на Искра Димитрова

Утревечер во 20 часот во Младинскиот културен центар ќе биде реализиран мултимедијалниот проект „Бакарен котел раѓа (одгледува), меси (преврива), леб гради" чиј автор е Искра Димитрова. Проектот опфаќа перформанс (хепенинг) инсталација во простор и музика, а целта е визуална презентација на градите, женски симбол, како место на трансформација на мртвото во живо (мајчинската функција) и на живото во мртво (како сексуален симбол). Музичката обработка на целиот проект и изведбата е на Нора Стојановиќ.

Искра Димитрова дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1990 година во класата на проф. Петар Хаџи Бошков. Во последните четири години реализирала шест мултимедијални проекти од кои по еден во САД и во Бугарија, а другите во Скопје.